Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина**
**и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor**
**dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Архивски бр. 15-7014/2-2019

Дата: 02-01-2020

ДО: Министерство за економија
Ул. Јуриј Гагарин бр. 15
1000 Скопје
Република Северна Македонија

ПРЕДМЕТ: Мислење по Финален Извештај за стратегиска оцена на животната средина
Врска: ваш бр. 12-6707/1 од 27.12.2019 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање на мислење доставено до Министерството за животна средина и просторно планирање – Сектор за просторно планирање под **бр. 15-7014 од 30.12.2019 година** и доставениот Финален **Извештај за стратегиска оценка на животната средина за стратегија за развој на енергетиката во Република Северна Македонија до 2040 година,** врз основа на спроведена постапка за стратегиска оцена на животната средина, и спроведена постапка учество на јавноста, Министерството за животна средина и просторно планирање нема забелешки и дава **позитивно мислење** по содржината и обемот на документот.

Во прилог на наведеното, Министерството за животна средина и просторно планирање посочува дека предметниот Извештај за стратегиска оцена на животната средина ги содржи аспектите за заштита на животната средина, како и економските и социјалните прашања во фазите на планирање и имплементирање на стратегијата, како и преглед на регулаторната рамка и процедури кои ќе служат како основа за проценки на влијанијата врз животната средина за сите идни подпроекти кои би се реализирале во рамки на стратегијата.

Согласно наведеното, Министерството смета дека е постигната општата цел на Извештај за стратегиска оцена на животната средина, односно дека е направена целосна анализа на потенцијални влијанија од донесувањето и имплементацијата на стратегија за развој на енергетиката во Република Северна Македонија до 2040 година која е предмет на стратегиска оцена, а воедно се утврдени и мерки за заштита, намалување и неутрализација на негативните влијанија и план за мониторинг на животната средина.

Истовремено, се препорачува доследна примена на мерките предвидени во извештајот за Стратегиска оцена на животна средина.

Со почит,

ЗАМЕНИК МИНИСТЕР
м-р Јани Макрадули

Изработил: Бајрам Цамиќ

Контролирал: Сашо Апостолов

Одобрил: Неби Реџепи